Заменик Премиерот на Владата на Република Северна Македонија и Министер во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки е роден на

година

. Дипломирал во Техничкиот факултет – машинска насока при Приштинскиот Универзитет, каде и се здобил со титулата машински инженер.

Своето работно искуство го започнува во 1995 година како професор во средното економско училиште „Перо Наков“ во Куманово. Истата година, предавал и во средното техничко училиште „Киро Бурназ“ во Куманово. Во временскиот период меѓу 2000 – 2002 година ја вршел функцијата на Виш цариник во Царинската управа на Република Северна Македонија, при што е именуван за заменик директор на Царинската Управа на Република Северна Македонија во 2002 година.

Во 2004 година е именуван за министер во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Политичката кариера во 2006 година ја продолжува како пратеник, по дадената доверба од народот, кога е избран за пратеник во Собранието на РСМ. Во 2008 е именуван за директор на Агенцијата за развој и инвестиции, додека по локалните избори од 2009 година е избран за Градоначалник на Општина Липково.

Градоначалничката функција последователно ја врши и по локалните избори од 2013 година. Во 2017 година е именуван за министер во Министерството за животна средина и просторно планирање. Во 2019 година е именуван за Министер во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците воедно и како Заменик Премиер на Владата на Република Северна Македонија.

Садула Дураки е женет и татко на едно девојче.